Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА - MINISTRIA E DREJTËSISË
БИРО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
BYROJA PER PERFAQESIM NE REPUBLIKES SE MAQEDONISE SE VERIUT
PARA GJYKATES EVROPIANE PER TE DREJTAT E NJERIUT
СКОПЈЕ SHKUP
Примено: Pranuar: 25-03-2022
Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtojce | Вредност Vlera
0302-121/1
Арх.знак/Shenja ark
Рок на чување Afati ruajtes 1 год
20_ год.-viti.
Потпис/Nënshkrim

Fw: Fwd: Информации од јавен карактер, бара.-
Danica Djonova
to:
Biro Escp
25.03.2022 13:29
Hide Details
From: Danica Djonova/MinisterstvoZaPravda
To: Biro Escp/MinisterstvoZaPravda@MinisterstvoZaPravda,
Security:
To ensure privacy, images from remote sites were prevented from downloading. Show Images

-----Forwarded by Danica Djonova/MinisterstvoZaPravda on 03/25/2022 01:29PM -----
To: danicadjonova@mjustice.gov.mk
From: [redacted]
Date: 03/25/2022 11:34AM
Cc: "[redacted]
Subject: Fwd: Информации од јавен карактер;, бара;.-

( Образец ПП......)

[redacted]
**1000, Скопје**
**телефон:** [redacted]
**e-mail:** [redacted]

**До**
**Министерството за правда**
**- Биро за застапување на РСМ пред Европскиот суд за човекови права -**
**ул. "Димитрие Чуповски" број 9**
**1000 Скопје**
**e-mail:** danicadjonova@mjustice.gov.mk

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
(имател на информацијата)

## **Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на членовите 4, 12 и 15 од "Законот за заштита на правото за слободен пристап до нформации од јавен карактер" ("Службен весник бр. 101/2019 година"), од имателот ги бараме следните информации од јавен карактер, и тоа:

**1. Информацијата создадена на англиски јазик и неговото латинично писмо чиј наслов гласи:**

**"WRITTEN OBSERVATIONS OF THE GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA ON THE ADMISSIBILITY AND MERITS OF APPLICATION No. 27875/16 AND 35 OTHER APPLICATIONS CANEVA AND OTHERS v. THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA".**
Бараме оваа ИЈК да ни ја доставите во форма на препис.

**2. Информацијата од точката 1 од ова Барање во превод на македонски јазик и неговото кирилско писмо.**
Бараме оваа ИЈК да ни ја доставите во форма на препис.

**3. Назив на прописот според кој на членовите на Меѓуресорската комисија им се исплаќа надоместок за учество во работата на Меѓуресорската комисија.**
**Во писмениот одговор наведете го називот на прописот, конкретните одредби (член, став и алинеи) и број на "Службениот весник" во кој е објавен прописот.**
Бараме овие ИЈК да ни ги доставите во форма на писмен одговор како составен дел од решението.

Форма во која се бара информацијата:
**Како што е наведено во секоја точка одделно.**

---

Начин на доставување на информацијата:
**ПО ПОШТА,** **со препорачана поштенска пратка.**

Барател на информацијата:
[redacted]
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

**Застапник** / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

[redacted]

P.S: Ве молиме потврдете прием на овој поднесок
со ваш архивски број под кој истиот е заведен

--
Ропството не е завршено, само обликот е друг!

Displaying image.png

---

Virus-free. www.avast.com

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

## Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права

Бр.0302-121/2
Скопје, 11.04.2022 година

Министерството за правда – Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права одлучувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер заведено под бр. 0302-121/1 од 25.03.2022 година во Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права, поднесено од [redacted], а врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РСМ бр.101/19) донесе

### РЕШЕНИЕ

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, заведено под бр. 0302-121/1 од 25.03.2022 година, поднесено од [redacted] **делумно се уважува.**

### Образложение

[redacted] се обрати со барање за пристап до информации од јавен карактер. Барањето е доставено по електронска комуникација до Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права на 25.03.2022 година. Барањето во Бирото е заведено под бр. 0302-121/1 од 25.03.2022 година.

[redacted] се обрати со барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер и побара достава на следните информации наведени подолу во текстот под реден број од 1 до 3:

**1. Информацијата создадена на англиски јазик и неговото латинично писмо чиј наслов гласи: "WRITTEN OBSERVATIONS OF THE GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA ON THE ADMISSIBILITY AND MERITS OF APPLICATION No. 27875/16 AND 35 OTHER APPLICATIONS CANEVA AND OTHERS v. THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA" во форма на препис.**

Барањето наведено под точка 1, Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП го уважи и горенаведената информација во редактирана форма за целите на заштита на личните податоци и согласно позитивните законски одредби кој ја регулираат заштитата на личните подоатоци ја доставува во форма на препис.


Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3109 784
biroescp.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

**2. Информацијата од точката 1 во превод на македонски јазик и неговото кирилско писмо во форма на препис.**

Барањето наведено под точка 2, Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП го одби имајќи предвид дека Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП не е создавач на споменатата информација на македонски јазик, ниту е имател на истата во смисла на член 3 од Законот за пристап на информации од јавен карактер.

**3. Назив на прописот според кој на членовите на Меѓуресорската комисија им се исплаќа надоместок за учество во работата на Меѓуресорската комисија односно подетално називот на прописот, конкретните одредби (член, став и алинеи) и број на "Службениот весник" во кој е објавен прописот со барање истите да бидат доставени во форма на писмен одговор како составен дел од решението.**

Барањето наведено под точка 3, Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП го одби имајќи предвид дека членовите на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП (под претпоставка дека барањето се однесува на оваа Комисија имајќи предвид дека барањето не беше специфицирано), како дефинирано во член 8 од Законот за извршување на одлуките на ЕСЧП се членови на споменатата Комисија по функција и на истите не им се исплаќа надомест, ниту пак исплатата на било каков надомест за нивното членување односно работа во Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП е предвиден во било кој правен пропис. Конечно на членовите на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП не им се исплатува надомест за нивното учество и/или работа во истата.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од приемот на Решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

в.д Директор на Бирото за застапување
на РСМ пред ЕСЧП-Владин Агент,
м-р Даница Џонова

Прилози:
Прилог 1: Информацијата создадена на англиски јазик и неговото латинично писмо чиј наслов гласи: "WRITTEN OBSERVATIONS OF THE GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA ON THE ADMISSIBILITY AND MERITS OF APPLICATION No. 27875/16 AND 35 OTHER APPLICATIONS CANEVA AND OTHERS v. THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA"


Биро за застапување на
Република Северна Македонија
пред Европскиот суд за човекови права
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3109 784
biroescp.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification